Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

03-620/2

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] од 26.06.2024 година.

**Образложение**

На 26.06.2024 година, [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-620/1 од 26.06.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. ЗАПИСНИК од 353-та седница на Инспекцискиот совет, одржана на 28.03.2024 година, на која е разгледана мојата претставка и е донесен заклучок дека наводите за можни неправилности во работењето на Државниот трудов инспектор, Никола Чапов, кој постапувал по предметот 09-34 од 01.02.2024 година СЕ ОСНОВАНИ.
2. Сите други документи (предложената иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на Државниот инспектор за труд Никола Чапов и слично) кои произлегуваат согласно севкупната анализа на актите продуцирани од постапувањето на Државниот инспектор за труд, Никола Чапов, вклучувајќи го и неговото произнесување по наводите од претставката.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара фотокопија и скенирано од содржината на бараната информација да му се достави по пошта и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Копија (Точка 4) - ЗАПИСНИК од 353-та седница на Инспекцискиот совет, одржана на 28.03.2024 година, на која е разгледана претставка и е донесен заклучок дека наводите за можни неправилности во работењето на Државниот трудов инспектор, Никола Чапов;
- Копија – ИНФОРМАЦИЈА Претставка против инспектор од Област 1 – Пазар, работни односи и здравје при работа, УПП 16-61/2024 од 29.03.2024 година;
- Копија – ИЗВАДОК од Нацрт – записникот од 353-та редовна седница на Инспекцискиот совет одржана на 28.03.2024 година;

- Барање за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против државен инспектор за труд за сторен дисциплински престап;
- Иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против државен инспектор за труд Никола Чапов, наш број 16-369/3 од 04.04.2024 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор